Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/2002) и член 20 од Статутот на Општина Македонска Каменица (Службен гласник на Општина Македонска Каменица бр.20/19; 38/20), Советот на Општина Македонска Каменица на 11-та седница одржана на ден 21.09.2022 година донесе:

## О Д Л У К А

За давање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за остварување на еднократна парична помош за еднородителски семејства, деца без родители и семејства на самохрани родители

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Македонска Каменица го донесува Правилникот за изменување на Правилникот за остварување на еднократна парична помош за еднородителски семејства, деца без родители и семејства на самохрани родители бр.08-635/1 од 09.04.2021 година.

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот бр. бр.08-635/1 од 09.04.2021 година е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во,,Службен гласник на Општина Македонска Каменица,,.

**Совет на Општина Македонска Каменица**
**Претседател,**
**Љупчо Трајановски**

**Бр.08-1742/1**
**21.09.2022 год.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02), член 20 од Статутот на Општина М.Каменица (Службен гласник бр.20/19; 38/20), Советот на Општина Македонска Каменица на седницата одржана на 21.09.2022 година донесе:

## П Р А В И Л Н И К

За изменување на Правилникот за остварување на еднократна парична помош за еднородителски семејства, деца без родители и семејства на самохрани родители

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување на Правилникот за остварување на еднократна парична помош за еднородителски семејства, деца без родители и семејства на самохрани родители бр.08-635/1 од 09.04.2021 година.

**Член 2**

Во **член 7** од Правилникот бр. 08-635/1 од 09.04.2021 година **став 1** се менува и гласи:

,,Износот на еднократната парична помош може да изнесува до 30.000,00 денари, за задоволување на потребите на еднородителско семејство или семејство на самохран родител кое се нашло во положба на социјален ризик, доколку децата во тоа семејство се ученици до 18 години, односно студенти до 26 години и доколку месечните приходи по член од семејството не се поголеми од **18.000,00 денари.**

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Македонска Каменица.

**Совет на Општина Македонска Каменица**
**Претседател,**
**Љупчо Трајановски**

**Бр.08-1742/1**
**21.09.2022 год.**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02) и член 90 од Статутот на Општина Македонска Каменица (Службен гласник на Општина Македонска Каменица бр.20/19 и 38/20), Градоначалникот на Општина Македонска Каменица донесе: